| | |
|---|---|
| Неделна<br>тема | „Моето семејство, мое најголемо богатство“ |
| Содржина<br>На денот | Цртање на тема:„Моето семејство“ |
| Возраст | 2-3 години |
| Воспитувач | Валентина Драгшиќ |
| Дневни активности | |
| Здрави<br>и безбедни<br>навики: | Разговор за правилно миење на рацете во домот и надвор од него (слика 1). |
| Активности: | Разговарајте за членовите на Вашето семејство (слика 2). Пробајте заедно со Вашето дете, користејќи ги прстите да ги изброите членовите на Вашето семејство, притоа наведувајќи го на правилен говор. Потоа понудете му на детето листови од блок и дрвени боици и насочете го да нацрта некој член од семејството (слика3). Цртежите изложете ги на некое видно место каде ќе бидат во поглед на детето. Потенцирајте го успехот на Вашето дете. Само една линија која наликува на обична шкртаница, може да биде од големо значење и напредок за Вашето дете.<br>Потоа станете и почнете да ја рецитирате или пеете песничката која децата на оваа возраст многу ја сакаат, при тоа покажувајте го тоа со движење на телото:<br>„Две раце со десет прсти имам деца јас.<br>Еве ги горе, еве ги долу, оп на раменца.<br>Еве ги напред, еве ги назад оп на раменца.“<br>Наместо на раменца, можете да додадете коленца, глава итн (слика 4). |